# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 12** **Год. LX** **Понеделник, 8 март 2004** **Цена на овој број е 80 денари**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


### С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 203. | **Решение** за распишување избор на претседател на Република Македонија. | 1 |
| 204. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Државниот пазарен инспекторат........................................... | 2 |
| 205. | **Решение** за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Бирото за стоковни резерви............ | 2 |
| 206. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Управата за хидрометеоролошки работи.................... | 2 |
| 207. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Бирото за лекови........ | 2 |
| 208. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Бирото за заштита на индустриската сопственост................. | 2 |
| 209. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Фондот за земјоделство - Скопје......................................... | 2 |
| 210. | **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Фондот за земјоделство - Скопје...................... | 2 |
| 211. | **Решение** за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Фондот за земјоделство - Скопје......... | 3 |
| 212. | **Програма** за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност во малото стопанство на Република Македонија за 2004 година.......... | 3 |
| 213. | **Изменување на лиценца** под бр. 23-2196/2 од 25.05.1998 година издадена на Друштвото за трговија и услуги „ФЛАМИНГО“ Електро унион и други експорт-импорт ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб што се наоѓа на кеј „Борис Кидрич“ бр. 15 во Струга...... | 3 |
| 214. | **Изменување на лиценца** под бр. 23-2196/2 од 25.05.1998 година издадена на Друштвото за трговија и услуги „ФЛАМИНГО“ Електро унион и други експорт-импорт ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб што се наоѓа на ул. „Туристичка“ бб - Охрид. | 3 |
| | **Објава** за просечната месечна нето плата по работник за месец февруари 2004 година........................................... | 4 |


**203.**

Врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија и членовите 3 став 1 и 10-а став 2 од Законот за избор на претседател на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/94, 48/99 и 11/2004), претседателот на Собранието на Република Македонија, на 8 март 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Се распишува избор на претседател на Република Македонија.

II

Изборот ќе се одржи на 14 април 2004 година.

III

Со денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“ почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија.

IV

За спроведување на ова решение се грижи Државната изборна комисија.

V

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1081/1
8 март 2004 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**204.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. Владе Богдановски се разрешува од должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-780/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**205.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ**

1. Петар Мирчевски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Бирото за стоковни резерви, орган во состав на Министерството за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-781/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**206.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

1. Сузана Алчинова Моневска се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-782/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**207.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЛЕКОВИ**

1. Ромил Санџакоски се разрешува од должноста директор на Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-783/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**208.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ**

1. Рамадан Ахмеди се разрешува од должноста директор на Бирото за заштита на индустриската сопственост, орган во состав на Министерството за економија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-784/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**209.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО - СКОПЈЕ**

1. Ристо Тодоров се разрешува од должноста директор на Фондот за земјоделство-Скопје, заклучно со 31 декември 2003 година, поради укинување на органот во кој ја вршеше должноста.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-803/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**210.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО СКОПЈЕ**

1. Фирус Мемед се разрешува од должноста заменик на директорот на Фондот за земјоделство-Скопје, заклучно со 31 декември 2003 година, поради укинување на органот во кој ја вршеше должноста.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-804/1 Претседател на Владата
23 февруари 2004 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

**211.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 февруари 2004 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО-СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Фондот за земјоделство-Скопје, поради укинување на Фондот, се разрешуваат заклучно со 31 декември 2003 година, членовите:
- д-р Ефтим Анчев,
- д-р Јован Аждерски,
- д-р Соња Србиновска,
- д-р Родна Живковска,
- Флоре Масалковски,
- Јордан Ампов,
- Марјана Караѓорѓиева,
- Петре Стојкоски,
- Басри Ферати,
- Рамиз Мерко,
- Ѓорѓе Кочев.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-50/8
23 февруари 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**212.**

Врз основа на член 36, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00 и 12/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 01.03.2004 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И СОЗДАВАЊЕ КОНКУРЕНТНОСТ ВО МАЛОТО СТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2004 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на дел од средствата за поддршката на мали и средни претпријатија во износ од 40.000.000 (четириесет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија, раздел 10001 потставка 443819 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/03):

- во 000 денари

| | |
|---|---|
| I. Средства за поддршка на претприемништвото | |
| 1. Финансирање на институционалната инфраструктура | 28.000 |
| 2. Финансирање на нефинансиска поддршка | 12.000 |
| Вкупно: | 40.000 |

Член 2

Средствата од член 1, дел I, точка 1 и 2 од оваа програма во износ од 40.000.000,00 (четириесет милиони) денари ќе се користат за следните намени:

- во 000 денари

| | |
|---|---|
| I. Средства за поддршка на претприемништвото | 40.000 |
| 1. Финансирање на институционалната инфраструктура | 28.000 |
| 1.1. Финансирање на основањето и работа на Агенцијата за поддршка на претприемништвото | 18.000 |
| 1.2. Финансирање на информатичко поврзување центри за поддршка | 5.000 |
| 1.3. Финансирање на основање на инкубатори | 5.000 |
| 2. Финансирање на форми на нефинансиска поддршка | 12.000 |
| 2.1. Финансирање обуки за претприемачи | 4.000 |
| 2.2. Финансирање лиценцирани консултантски услуги | 2.000 |
| 2.3. Организирање трибини, конференции, форуми | 700 |
| 2.4. Учество во бизнис форуми | 1.000 |
| 2.5. Програми за соработка со одделни земји | 2.300 |
| 2.6. Стипендии за постдипломски студии на тема „Претприемништво“ | 2.000 |

Член 3

Исплатата на средствата од оваа програма го врши Министерството за економија.

Доколку дојде до извршување на некои мерки предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана, министерот за економија, во рамките на вкупно расположивите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки.

Член 4

Финансирање на формата на нефинансиска поддршка т. 2.6. од член 2 од оваа програма ќе се врши меѓу Министерството за економија и Министерството за образование и наука.

Член 5

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-687/1
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**213.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 01.03.2004 година, одобри

**ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ПОД БР. 23-2196/2 ОД 25.05.1998 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ “ФЛАМИНГО“ ЕЛЕКТРО УНИОН И ДРУГИ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ ШТО СЕ НАОЃА НА КЕЈ “БОРИС КИДРИЧ“ БР. 15 ВО СТРУГА**

1. Во Лиценцата под бр. 23-2196/2 од 25.05.1998 година, издадена на Друштвото за трговија и услуги “ФЛАМИНГО“ Електро унион и други експорт-импорт ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 2 наместо зборовите: “кеј “Борис Кидрич“ бр. 15 во Струга“, треба да стои: “ул. “Нико Нестор“ бр. 18 во Струга“.

2. Оваа лиценца се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-635/1
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**214.**

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/97, 54/97, 13/01 и 2/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 01.03.2004 година, одобри

**ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ПОД БР. 23-2196/2 ОД 25.05.1998 ГОДИНА ИЗДАДЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ “ФЛАМИНГО“ ЕЛЕКТРО УНИОН И ДРУГИ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО СКОПЈЕ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ ШТО СЕ НАОЃА НА УЛ. “ТУРИСТИЧКА“ ББ-ОХРИД**

1. Во Лиценцата под бр. 23-2196/2 од 25.05.1998 година, издадена на Друштвото за трговија и услуги “ФЛАМИНГО“ Електро унион и други експорт-импорт ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб, во точката 2 наместо зборовите: “ул. “Туристичка“ бб во Охрид“, треба да стои: “ул. “Димитар Влахов “ бр. 39 во Кочани “.

2. Оваа лиценца се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-756/1
1 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

## О Б Ј А В И

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/2002 и 46/2002), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

Просечната месечна нето плата по работник за месец февруари 2004 година неможе да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 6.588 |
| 02 | Одгледување на шуми, користење на шуми и соодветни услужни активности | 6.499 |
| 05 | Улов на риба, дејност на мрестилиштата и рибарските фарми, услужни активности во рибарството | 4.877 |
| 10 | Вадење на камен јаглен и лигнит, вадење на тресет | 6.482 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 0 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 8.466 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 10.269 |
| 16 | Производство на тутунски производи | 8.248 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 4.873 |
| 18 | Производство на предмети за облека: доработка и боење на крзно | 3.421 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 378 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 4.822 |
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 7.625 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 8.587 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 12.425 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 11.829 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 3.860 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 10.803 |
| 27 | Производство на основни метали | 10.052 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 6.000 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 9.067 |
| 30 | Производство на канцелариски и сметачки машини | 8.018 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 7.931 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 5.235 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 13.671 |
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 6.048 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 7.636 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 5.446 |
| 37 | Рециклажа | 4.906 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 10.899 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 7.207 |
| 45 | Градежништво | 5.637 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 9.202 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 10.173 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 6.001 |
| 55 | Хотели и ресторани | 6.490 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 6.325 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 0 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции | 10.158 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 13.402 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 16.205 |
| 66 | Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 17.426 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 26.899 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 11.008 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 8.794 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 8.826 |
| 73 | Истражување и развој | 9.317 |
| 74 | Други деловни активности | 8.971 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 8.462 |
| 80 | Образование | 7.517 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 7.686 |
| 90 | Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности | 7.480 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 10.722 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 7.292 |
| 93 | Други услужни дејности | 8.609 |
| 95 | Приватни домаќинства со вработени лица | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Министер,
**Јован Манасијевски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769. Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**